КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

www.kbprvo.com.mk



# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ДВИЖЕЊА

**Февруари 2023**

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е
Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)
**www.mapas.mk** **02/3224-229**

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

По добриот старт на годината, светските пазари во текот на февруари се соочија со пад кој главно беше предводен од податоците за инфлацијата во САД и неизвесноста околу понатамошните мерки преземени од страна на ФЕД за зголемувањето на основната каматна стапка и справувањето со инфлацијата.
Глобалниот индекс MSCI ACWI на крајот од месецот заврши со пониска вредност за 2,98%, додека од почеток на годината е во позитива од 3,90%. Од останатите прикажани индекси, MSCI Emerging Market кој ги опфаќа брзорастечките земји и земјите во развој, оствари најголем пад достигнувајќи 6,54%, но ја зачува позитивната вредност на приносот од почеток на оваа година кој сепак е најнизок во споредбата и изнесува 0,80%.  Единствен индекс кој оствари раст беше STOXX 600 кој ги мери европските акции и изнесуваше 1,74%. Овој индекс од почетокот на годинтата бележи најголем раст од 8,52%.




**MSCI Asia - Pacific -** Индекс кој ги следи движењата на акциите во 13 земји од регионот Азија-Пацифик
**MSCI Emerging Market -** Индекс кој ги следи движењата на акциите во 24 земји во развој
**STOXX 600 -** Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
**S&P 500 -** Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
**MSCI ACWI -** Светски индекс на акции кои ги следи цените на акциите во 47 држави
*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ

Во надолна насока се движеше и домашниот МБИ-10 индекс, чиј пад изнесуваше 0,72% во текот на изминатиот месец. Од почетокот на годината приносот изнесува 2,63%. Исто како и претходниот месец, со најголем раст беа акциите на Уни Банка кои достигнаа 7,61%, додека од почетокот на годината порасна за 27,61%. Од друга страна, најголем пад од 3,50% оствариja акциите на Гранит, чија вредност од почетокот на годината е помала за 5,73%.




*Извор: Блумберг*



# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Неизвесноста околу инфлацијата и макроекономските податоци беа причина за раст на приносот на државните обврзници во текот на февруари. Со најголем принос како и претходно останува македонската обврзница кој изнесува 6,64%, додека со речиси ист принос од 0,51% е јапонската обврзница која се задржува на најниско ниво споредено со останатите.




** Приносот се однесува на евро обврзница со датум на доспевање со 03/10/2028*
*Извор: Блумберг*



# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ

Во текот на февруари, на девизниот пазар вредноста на американскиот долар (USD) порасна во однос на еврото (EUR) за 2,73% и од почетокот на годината е со најголем раст од останатите со 1,23%. Пад во однос на еврото во изминатиот месец забележаа поголемиот дел од валутите и ги загубија претходно остварените добивки, од кои најголемо намалување забележа руската рубља (RUB) кое изнесуваше 3,82%. Од почетокот на годината со најголем пад во однос на еврото е јапонскиот јен (JPY) и изнесува 2,56%.



**Движење на светските валути во однос на еврото (EUR)**




*Извор: Блумберг*